# РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

Ревизијата на успешност е активност спроведена со цел да даде одговор на следните прашања кои ќе послужат за давање на оценка за ефективноста, ефикасноста и економичноста на реализацијата на целите од Програмата за развој и остварување на заштита на деца за 2005 и 2006 година поврзани со опфатот на деца, стручното усовршување на воспитно образовниот кадар и надзорот како и целите поврзани со процесот на децентрализација од областа на дејноста детска заштита.

Основни ревизорски прашања за кои презедовме активности со цел да дадеме одговори се следните:

**1. Дали приоритетите и основните цели на дејноста во Програмата за развој и остварување на заштитата на деца за 2005 и 2006 година се реализирани од аспект на:**

- **Обезбедување на услови за оптимален опфат на децата преку целосно и рационално искористување на кадровските, просторните и другите ресурси.**

**2. Дали во детските градинки се организира, згрижува, престојува, воспитува секое запишано дете, односно што се прави за подобрување на способностите на стручниот кадар од повеќе аспекти, дали се користат придобивките од спроведени проекти и програми за едукација на наставниот кадар со воведување на нови методи во воспитно едукативниот процес и каков е резултатот од овие проекти и програми?**

Настанатите состојби во дејноста заштита на деца ги споредивме со критериумите наведени во следните законски и подзаконски акти:

- Законот за заштита на деца;
- Закон за Биро за развој на образование;
- Програма за развој и остварување на заштитата на децата за 2005 и 2006 година;
- Програма за работа на ЈУ за деца ДГ за 2005/2006 и 2006/2007 година;
- Програма за работа на одделението за предучилишно воспитание и образование при БРО за 2005 и 2006 година;

Со извршената ревизија на успешност ги констатиравме следните состојби, слабости и неправилности дадени подолу:

1. На барање на МТСП на РМ во ЈУДГсе изготвуваат два вида на прегледи за бројната состојба на деца во ЈУДГ, а кои се однесуваат на ист период – месечни прегледи и прегледи во состав на ГП за работа на ЈУДГ. Овие прегледи според презентираните податоци за бројот на деца меѓусебно се разликуваат (ЈУДГ Ангел Шајче Куманово, Буба Мара и Срничка Аеродром и Мајски Цвет Карпош Скопје). Прегледите за опфат на деца според Програмата за работа на ЈУДГ се изготвени земајќи го за критериум бројот на запишани деца согласно член 45 и 59 од ЗЗД[1], а месечните прегледи се изработуваат врз основа на критериум број на реално присутни деца. За изработката на овие прегледи од ЈУДГ, МТСП на РМ нема донесено интерен акт со кој е пропишана обврска за нивно изготвување и доставување до МТСП на РМ. Надлежни лица во МТСП на РМ дадоа образожение дека потребата за која се изготвуваат месечните прегледи е изработка на статистички билтен кој не е изготвен. Месечните прегледи не се предмет на понатамошна анализа во МТСП на РМ и од ЈУДГ се

[1] Измени во член 14/65 од 2004 година и 26/65 од 2004 година.

доставуваат до Секторот за буџет, финансии и сметководство во МТСП на РМ.

2. Различните критериуми според кои се прикажани податоците за опфат на деца по ЈУДГ во месечните прегледи и прегледите од ГП за работа на ЈУДГ за 2005 и 2006 година, резултираат со прикажување на поголем број од реалниот број на деца и групи во ЈУДГ. Споредбата помеѓу бројот на деца прикажан во прегледите од ГП на 15 – те ЈУДГ и месечните прегледи за 2005 година покажуваат разлика од вкупно 383 деца повеќе. Истата споредба за 2006 година покажува разлика од 354 деца повеќе. Овие прегледи кои се во состав на ГП за работа на ЈУДГ служат како основа за проекција на ГП за работа на ЈУДГ за наредната година и се параметар за одредување на износот на наменските дотации кои ЈУДГ треба да ги добијат согласно бројот на деца прикажан во нив. Прегледите влијаат и на определување на износот на наменските дотации кој се определува врз основа на бројот на деца во ЈУДГ. Износот на наменските дотации се одобрува од страна на општините по доставените финансиски планови од ЈУДГ. Прегледите во состав на ГП за работа на ЈУДГ во кои се прикажани бројот и групите на деца влијаат и на определување на потребниот број на згрижувачки и воспитно образовен кадар во ЈУДГ. ГП за работа на ЈУДГ кои се доставуваат до МТСП на РМ претставуваат основа за определување на износот на буџетот за плати за наредната година согласно прикажаниот број на воспитно образовен и згрижувачки кадар во ЈУДГ.
3. Утврдивме неусогласеност во прикажаните податоци за бројот на групи и број на извршители, дадени во прегледите во прилог на ГП за работа на ЈУДГ (поединечни и збирни). Во поединечните прегледи утврдена е неусогласеност со податоците од збирниот преглед во податоците за број на групи и број на извршители. МТСП на РМ врз основа на прегледите кои содржат збирни податоци за бројот на вработени определува износ на проектиран буџет за плати на воспитно образовниот и згрижувачкиот кадар во ЈУДГ. Оваа утврдена неусогласеност произлегува од тоа што МТСП на РМ нема изготвено упатство за пополнување на прегледите од ГП за работа на ЈУДГ. Неусогласените податоци во прегледите покажуваат дека не се почитува член 116 од ЗЗД[2] во кој е одредено МТСП на РМ да врши контрола на вистинитоста на податоците кои ЈУДГ ги доставуваат до МТСП на РМ како и на законитоста на правилноста при користењето на средствата од Буџетот на РМ.
4. Утврдивме дека збирните прегледи со податоци за бројот на извршители во ЈУДГ не се темелат на поединечните прегледи за бројот на извршители кој број не е пополнет – графите за извршители се празни. На кој начин е добиен податокот за број на извршители во збирниот преглед не ни беше образложено. Ова укажува дека контролата помеѓу податоците во поединечните и збирните прегледи во МТСП на РМ не се спроведува.
5. Утврдивме надминување на вкупниот број на запишани деца – 4575 деца во однос на вкупно проектираниот капацитет од 4006 деца или за вкупно 569 деца кај 7 ЈУДГ со состојба 30.09.2005 година. Трендот на прекубројно запишани деца продолжува и во 2006 година и тоа кај 8 ЈУДГ утврдивме надминување на вкупниот број на запишани деца – 5475 деца во однос на вкупно проектираниот капацитет од 4695 деца или повеќе запишани за вкупно 780 деца. Детални податоци за ЈУДГ кај кои е надминат проектираниот капацитет за 2005 и 2006 година даден е во Прилог 3 – Преглед 1.

---
[2] Измена во член 69/65 од 2004 година.

6. Со увидот кај 15 ЈУДГ утврдивме установи во кои бројот на запишани деца е под нивото на проектиран капацитет за 2005 и 2006 година. За 2005 година под нивото на проектиран капацитет се 8 ЈУДГ, а за 2006 година 7 ЈУДГ. Прегледот на ЈУДГ кај кои бројот на запишани деца е под нивото на проектиран капацитет е даден во Прилог 3 – Преглед 1 кон овој извештај.
7. Утврдивме дека некои од просторните капацитети на ЈУДГ се преотстапени на користење на дневни центри за хендикепирани лица, основни училишта, средно училиште и дневен центар за децата од улица. Од извршениот увид кај 15 ЈУДГ оваа состојба е констатирана кај 7 ЈУДГ и тоа: Вера Циривири Трена Штип, Естреја Овадија Мара Битола, Рада Поцева Кавадарци, Младост Тетово, Весели Цветови Скопје, 13 – ти Ноември Скопје и Детска Радост Скопје. Во проектираниот капацитет на ЈУДГ поради настанатите промени во користењето не е извршена промена на проектираниот капацитет согласно капацитетот кој се користи.
8. Утврдивме дека во ЈУДГ се формираат групи на деца според називи и возрасти кои не соодветствуваат со нормативите одредени во член 55 од ЗЗД[3]. Утврдивме постоење на групи: трета мала, втора средна, втора голема и т.н. кои според нормативот од член 55 од ЗЗД не постојат. За ревизијата беше отежнато да одреди на која возрасна група припаѓаат овие групи на деца употребувајќи го нормативот предвиден во член 55 од ЗЗД. Од извршениот увид кај 15 ЈУДГ оваа состојба е констатирана кај 6 ЈУДГ (ЈУДГ Весели Цветови Скопје, Кочо Рацин Скопје, Буба Мара Скопје, 13 –ти Ноември Скопје, Орце Николов Скопје и Срничка Скопје) и тоа за 2005 и 2006 година. Кај овие 6 ЈУДГ утврдивме постоење на 20 групи во 2005 и 25 групи во 2006 година кои се поделени според возраст различна/хетерогена од возраста пропишана со нормативот. Интерната евиденција на групите се води според називи и возраст кои не соодветствуваат со називите и возраста определени во ЗЗД, меѓутоа за потребите на МТСП на РМ од овие ЈУДГ се изготвуваат и доставуваат прегледи со групи по називи и возрасти согласно нормативите во ЗЗД. Образложението кое го дадоа раководните лица на ЈУДГ за оваа состојба е недоволниот број на извршители во ЈУДГ и од тие причини спојување на две групи со различна возраст во една група.
9. Кај ЈУДГ утврдивме постоење на подготвителни групи на деца во кои има и деца од помала возраст. Од извршениот увид кај 15 ЈУДГ ова е случај кај три ЈУДГ и тоа Рада Поцева Кавадарци, Ангел Шајче Куманово и Младост Тетово. Образложението кое го добивме од раководителите на ЈУДГ е дека ова е на барање на родителите, поради немање на простор и извршители. Оваа состојба резултира со следење на воспитно образовните активности од деца со иста возраст во две последователни години.
10. Согласно член 55 од ЗЗД[2] определен е и бројот на деца според одредена возраст во состав на секоја група согласно определен норматив. Од увидот извршен кај 15 ЈУДГ ова е случај кај сите 15 ЈУДГ. Детален приказ за ЈУДГ кај кои утврдивме постоење на групи над, под и согласно нормативот од ЗЗД како и групи споменати во точка 8 погоре, даден е во Прилог 3 – Преглед 2 кон овој извештај за 2005 и 2006 година.
11. Според одредбите од ЗЗД определено е вклучување на деца со посебни потреби во редовните групи и тоа со вклучување на едно до две деца со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој во кој случај бројот на децата во групите се намалува до три деца. Со увид кај 15 ЈУДГ утврдивме вклучување на деца со посебни потреби во групи на деца кои и без вклучените деца со посебни потреби го надминуваат нормативот според број на деца во група. Состојбата по години и ЈУДГ за бројот на вклучени

[3] Измена во член 21/65 од 2004 година.

деца со посебни потреби е детално прикажана во Прилог 3 – Преглед 3 кон овој извештај. Со увидот се утврдени следните состојби:

- Во 2005 година ова е случај кај ЈУДГ Весели Цветови Скопје, 13 – ти Ноември Скопје, Кочо Рацин, Буба Мара Скопје, Детска радост Скопје, Мајски цвет Скопје и Младост Тетово. Поради постоење на непотполни податоци за распоред на деца со посебни потреби по групи кај ЈУДГ Ангел Шајче Куманово, Наша иднина Прилеп, Рада Поцева Кавадарци, Вера Ц. Трена Штип, Естреја Овадија Мара Битола, Орце Николов Скопје, ревизијата не беше во можност да утврди во која група на деца, децата со посебни потреби се распоредени. Од ЈУДГ Детска радост Струмица не е приложен преглед во кој е прикажан бројот на децата со посебни потреби.
- Во 2006 година ова е случај кај ЈУДГ Весели Цветови Скопје, 13 – ти Ноември Скопје, Кочо Рацин Скопје, Буба Мара Скопје и Детска Радост Скопје. Поради постоење на непотполни податоци за распоред на деца со посебни потреби по групи кај ЈУДГ Рада Поцева Кавадарци, Вера Циривири Трена Штип, Естреја Овадија Мара Битола, Орце Николов Скопје, Наша иднина Прилеп и Ангел Шајче Куманово, ревизијата не беше во можност да утврди во која група на деца, децата со посебни потреби се распоредени. Од ЈУДГ Младост Тетово, Мајски Цвет Скопје и Детска радост Струмица не е приложен преглед во кој е прикажан бројот на децата со посебни потреби.

12. Согласно член 45 од ЗЗД[4] и Статутот на секоја ЈУДГ во услови на зголемен број на пријави за запишување на деца, пропишано е за приемот да решава Комисија за прием на деца. Составот и начинот на работа на комисијата како и критериумите за прием на деца во ЈУДГ ги утврдува УО на ЈУДГ во согласност со советот на општината. Со увидот извршен кај 15 ЈУДГ, утврдивме дека ниту во една ЈУДГ не се донесени критериуми за прием на деца од УО. Комисиите за прием на деца постојат по објекти и постапуваат според критериуми кои не се донесени на УО -и. Образложението кое го добивме од раководните лица на ЈУДГ за тоа кои критериуми се користат при упис на децата е дека децата се упатуваат во оние објекти каде има слободни места, се распоредуваат според место на живеење земајќи го предвид и критериумот за материјална состојба на родителите кое резултира со поголем опфат на деца од проектираниот капацитет.
13. Согласно одредбите од ЗЗД определен е просечниот број на деца според возраст и според број на извршители. Со увидот извршен кај 15 ЈУДГ[5] утврдивме групи кои работат согласно нормативот според број на извршители, работат под нормативот за број на извршители и над нормативот. Состојбата по ЈУДГ е следна:

    - Во 2005 година според евиденциите на 15 -те ЈУДГ прикажани се 56 групи според возраст на деца од кои 12 групи според бројот на извршители работат согласно нормативот, 9 групи според бројот на извршители работат под нормативот односно со помал број на извршители од пропишаниот и 20 групи според возраст на деца кои работат со број на извршители над нормативот. За 15 групи според

[4] Измена во член 14/65 од 2004 година.
[5] Од извршениот увид кај 15 ЈУДГ од 8 ЈУДГ за 2005 година добиени се податоци за фактичкиот вкупен број на вработени, а за 2006 година од 5 ЈУДГ.

возраст на деца, податоците доставени од ЈУДГ се прикажани групно за повеќе возрасни групи или со несоодветен назив;
- Во 2006 година според евиденциите на 15 –те ЈУДГ прикажани се вкупно 40 групи според возраст на деца од кои 8 групи се согласно нормативот според бројот на извршители, 1 група работи со број на извршители под нормативот и 17 групи работат со број на извршители над нормативот. За 14 групи според возраст на деца податоците доставени од ЈУДГ се прикажани групно за повеќе возрасни групи или со несоодветен назив.

14. Со увидот кај 15 ЈУДГ во однос на бројот на извршители[6] ангажирани за работа со 488 групи во 2005 година и 486 групи во 2006 година, утврдени се следните состојби:

- Во 2005 година со 488 групи работат вкупно 855 лица од кои вработени на неопределено време 781[7], со договор за дело 63 и на определено време 11лица;
- Во 2006 година со 486 групи работат вкупно 931 лица од кои вработени на неопределено време 833 со договор за дело 73 и на определено време 25 лица.

При состојба на намалување на вкупниот број на групи за 2006 година во однос на 2005 година за 2 групи, состојбата на вкупниот број на вработени е зголемена за 76 вработени на приближно исто ниво на групи и тоа евидентирани се промени кај:
- Зголемен број на вработени на неопределено време за 52 лица;
- Зголемен број на лица ангажирани по договор за дело за 10 лица;
- Зголемен број на лица ангажирани на определено време за 14 лица.

Објаснувањата кои ги добивме од МТСП на РМ за ангажманот на лица по договор за дело и на определено време се однесува на потребата од воспитно образовен и згрижувачки кадар согласно бројот на деца по групи. Ангажманот на кадарот со договор за дело и на определено време се врши на барање на ЈУДГ по дадена согласност за овој вид на извршители од МТСП на РМ. За изборот на извршителите кои во ЈУДГ се ангажирани со договор за дело и на определено време не се воспоставени критериуми за избор освен степенот на образование. Податоците за бројот на вработени кај ЈУДГ според вид на ангажираност кај кои е вршен увид се прикажани во Прилог 3 - Преглед 4 кон овој извештај.

15. Со увидот кај 15 ЈУДГ кај три ЈУДГ утврдивме ангажираност на волонтери воспитувачи, за чиј ангажман УО - и на ЈУДГ немаат донесено правилник за работа на волонтери и немаат определено критериуми при избор на лица кои работат волонтерски согласно одредбите од ЗЗД.
16. Согласно Програмата за развој и остварување на заштитата на децата за 2005 и 2006 година, МТСП на РМ планира мерки и активности за одржување и зголемување на опфатот на деца во ЈУДГ (скратени програми и пилот проекти). Според објаснувањата кои ги добивме од раководителот на Сектор за заштита на деца при МТСП на РМ овие мерки и активности во 2006 година не се превземени, а истите мерки и активности се предвидени и ставени во Програмата за развој и остварување на заштитата на деца за 2007 година.

[6] Како број на извршители е даден бројот на ангажирани воспитувачи и негуватели во ЈУДГ.
[7] Бројот на извршители не е конечен поради недоставени податоци од ЈУДГ Буба Мара Аеродром Скопје

**Стручно усовршување**

- МТСП на РМ нема пропишано начин и постапка на стручно усовршување на работниците во установа за деца кое согласно член 93 од ЗЗД е должност на МТСП на РМ. Од аспект на постоење на законско решение кое значи осигурување на квалитет на воспитно образовниот кадар преку пропишан начин и постапка на стручно усовршување, оваа недоследност во спроведувањето на законот влијае и на квалитетот и стручноста на воспитно образовниот кадар во ЈУДГ.
- Во Програмата за работа на воспитно образовниот кадар на БРО, предвидени се форми на стручно усовршување на воспитно образовен кадар во ЈУДГ. Од добиената документација од БРО утврдивме дека од сите планирани форми на стручно усовршување, реализирани се само семинари со воспитувачите од подготвителната година. Другите форми на стручно усовршување на воспитно образовниот кадар во ЈУДГ, дадени во Програмата на БРО не се спроведени. Со увидот кај 15 ЈУДГ и од разговорите со директорите и воспитно образовниот кадар, утврдивме дека стручното усовршување на воспитно образовниот кадар во ЈУДГ се одвива на ниво на интерни обуки, кои се предвидени со програмите за работа на ЈУДГ и тоа преку индивидуално следење на литература и списанија, самостојно користење на разни извори, интерно усовршување, форми на презентација на проекти и предавања во соработка со другите ЈУДГ и др. Од разговорите спроведени со раководителот и советникот во одделението за предучилишно образование и воспитание во БРО беше појаснето дека активностите предвидени за реализација од Програмата за развој и остварување на заштита на деца за 2006 година точка 4, не се целосно спроведени и исполнети од БРО од причини што БРО имало ангажман околу изготвување и реализација на нов програмски документ - Основи на програмата за воспитно образовна работа во подготвителна година.
- Оценката за самостојното извршување и осовременување на воспитно образовната, здравствената и социјалната работа во ЈУДГ на воспитувачите, стручните работници и стручните соработници согласно член 93 - а од ЗЗД, не се споведува од страна на МТСП на РМ. Во образложенијата дадени од страна на раководителот на секторот во МТСП на РМ како и директорите на 15 – те ЈУДГ е нагласено дека од МТСП на РМ не е спроведена оценката.

**Надзор**

- Во член 121 од ЗЗД[8] е наведено дека МТСП на РМ е надлежно за вршење надзор над стручната работа во остварување на згрижување, воспитание, престој, нега и исхрана во ЈУДГ. Од извршениот увид кај 15 –те ЈУДГ и спроведените разговори во МТСП на РМ добивме објаснувања дека надзор се врши само од аспект на исхраната од страна на Републички завод за унапредување на домаќинството врз основа на склучен договор, а надзор во смисла на другите одредби од член 121 од ЗЗД од страна на МТСП на РМ не се врши.
- Во член 121 од ЗЗД е наведено дека за вршење на надзор над остварувањето на образовната работа, надлежно е Министерството за образование и наука на РМ. Од извршените интервјуа и разговори со директорите на ЈУДГ добивме сознанија дека од страна на БРО надзор е вршен заклучно со 2004 година. За 2005 и 2006 година не е спроведен

[8] Измена во член 72/65 од 2004 година.

надзор над остварувањето на образовната работа во ЈУДГ, освен увид во педагошката евиденција и документација на воспитувачите кои ги водат подготвителните групи. Со увидот во 15–те ЈУДГ и од извршените разговори стекнавме сознанија дека се споведува и интерен надзор од страна на стручно тело кое е составено од Директор на ЈУДГ, педагог и психолог. Стручното тело врши увид во работењето на воспитно образовниот кадар со присуство при активностите, увид во педагошката евиденцијата и документација. Согласно статутите на ЈУДГ, стручното тело е задолжено да ја следи реализацијата на ГП на ЈУДГ за тековната година. Согласно член 121 од ЗЗД и Годишната програма за работа на ОПВО за 2005 и 2006 година, БРО нема изготвени извештаи за извршен надзор над стручната работа. На ревизијата од БРО и беа доставени извештаи кои се однесуваат на извршени увиди кај ЈУДГ (увид во работењето на одредени извршители) и осврт по изготвените извештаи за работа во ДГ за 2004/2005 година кој се изработува врз основа на ГИ од ЈУДГ и за кој не се врши увид на терен.

**Утврдени состојби**

- Од извршените разговори со советникот за предучилишно образование и воспитание во БРО беше објаснето дека “не е посветено доволно внимание особено на стручните служби и дека БРО не е многу присутно во ДГ со цел следење и советодавна инструктивна дејност во последните три години.
- ЗЗД како надлежност на МОН на РМ преку БРО како орган во состав на министерството го регулира прашањето за надзор над остварувањето на образовната работа во ЈУДГ. Од почетокот на 2006 година кога е донесен Законот за БРО, во надлежност на БРО е вклучена и активноста за следење и советодавна инструктивна работа со воспитно образовниот кадар. Со Законот за просветна инспекција донесен во 2005 година е регулирана надлежноста на државниот просветен инспекторат над остварување на воспитно образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование. Овие три закони ја одредуваат надлежноста на МОН на РМ на три начини – во ЗЗД со надзор над остварување на образовната работа, во ЗБРО со следење, истражување, унапредување и развој над воспитно образовната дејност во областа на предучилишното образование и др. а во ЗПИ со надзор над остварување на воспитно образовниот процес во предучилишното образование.
- Од аспект на соработката и консултациите помеѓу МТСП на РМ – сектор за заштита на деца и БРО во смисла на прифаќање и реализација на проекти кои треба да се спроведат во ЈУДГ, од разговорите со раководителот на секторот во МТСП на РМ беше посочено дека соработката не е “на релација на добар однос“. Беше посочен пример со испратено писмо од МТСП на РМ до БРО за доставување на текст за Основите на програма за воспитно образовна работа со деца од предучилишна возраст во ЈУДГ која согласно ЗЗД е обврска за изготвување на БРО. Барањето е доставено во ноември 2006 година, но до февруари 2007 година, МТСП на РМ сеуште нема добиено одговор. Од БРО прашањето за соработка и консултации со МТСП на РМ е образложено со тоа дека МТСП на РМ преку секторот за заштита на деца треба да побара стручно мислење за потребата од проекти кои би се вовеле во ЈУДГ и нивна усогласеност со образовната политика на РМ.
- Во разговорите спроведени со директорите на ЈУДГ за прашањето на стручно усовршување беше кажано дека она што е предвидено во програмите за стручно усовршување на воспитно образовниот кадар не

значи внесување на нови методи во работењето, станува збор за нови пристапи, нови содржини кои се во сообразност со темите кои се планирани во воспитно образовната работа во текот на годината. За да се воведе нов метод, тој треба да биде верифициран од институција која е задолжена за внесување на нови методи во работењето конкретно БРОМ согласно ЗЗД. Стручното усовршување на кадарот е интерен начин на усовршување преку ДГ, а обуки и семинари за воспитно образовен кадар кои би се рефлектирале на образовниот процес во смисла на подигнување на нивото на услугите, се само очекувана форма на стручно усовршување, освен Монтесори педагогија и можности за нејзина практична примена во РМ.

- Содржината на Програмата за развој и остварување на заштитата на деца за 2007 година е идентична со мали измени во содржината од Програмата за 2005 и 2006 година со образложение дадено од раководителот на Секторот за заштита на деца дека секторот не располага со доволен број на човечки ресурси.
- Во врска со ангажирањето на извршители во ЈУДГ според договор за дело и на одредено време, во октомври 2006 година од Секторот за заштита на деца при МТСП на РМ извршен е увид во состојбата со лица ангажирани по договор за дело со цел утврдување на точната бројна состојба на овие лица и потребата од нивно ангажирање.
- Од увидот кај 15 ЈУДГ, утврдивме дека само во една ЈУДГ Ангел Шајче Куманово се изработува и усвојува Акционен план за работа на инклузивен тим и тоа за 2005/2006 и 2006/2007 година. Инклузивниот тим од оваа ЈУДГ работи во состав на психолог, воспитувачи и негувателки во чии групи се вклучени деца со посебни потреби. АП содржи основни цели, задачи, планирање и реализација на воспитно едукативни влијанија, документација, соработка со родители, соработка со поширока средина, усовршување на кадарот и услови за работа. Овој АП е донесен како активност во рамки на Проектот Инклузија на деца со посебни потреби како дел од Годишната програма на ЈУДГ.

**Препораки**

Со цел да даде придонес со овој вид на ревизија за подобрување и унапредување на состојбите утврдени кај дејноста заштита на деца која ја допира најранливата група на популација во РМ, ревизорите ги даваат следните препораки:

Надлежните лица од Министерството за труд и социјална политика на РМ да покренат иницијатива за изработка на упатство со цел утврдување на потребата од изготвување на единствени прегледи од страна на ЈУДГ за прикажување на сите релевантни податоци (нормативи и состојби за број на деца, број на групи по возрасти, број на извршители по вид на ангажираност, вклучување на деца со посебни потреби и др.) кои ЈУДГ ќе ги доставуваат до секторите во МТСП на РМ за понатамошна обработка.

ЈУДГ во соработка со МТСП на РМ да извршат промени и тие промени да ги ажурираат на годишно ниво од аспект на корегирање на проектираните просторни капацитети заради реално прикажување на просторот во кој ЈУДГ работат со назнака на корисникот на отстапениот простор.

Надлежните лица во МТСП на РМ во соработка со ЈУДГ кај кои се евидентирани групи според називи и возрасти кои не соодветствуваат со називите и возрастите одредени во ЗЗД, да извршат снимање и распределба на групите согласно законски одредените нормативи за возраст и назив со цел еднаквост и реалност

при прикажување на податоците согласно ЗЗД. Оваа препорака се однесува и на интерната евиденција на ЈУДГ.

МТСП на РМ во координација со ЈУДГ да воспостават евиденција за прикажување на реалниот број на вклучени деца со посебни потреби во групите на деца, вклучувањето и распоредот на децата со посебни потреби во ЈУДГ да се врши согласно критериумите и нормативите дадени во ЗЗД и други акти. Ова од причина што постоењето на групи на деца кои се над нормативот и вклучување на деца со посебни потреби во овие групи, влијае на реализацијата на редовниот воспитно образовен процес во ЈУДГ и на оптовареност на воспитно образовниот кадар при вршењето на редовните активности.

На ниво на ЈУДГ да се преземат активности во координација со УО за донесување на пишани критериуми за упис на деца во ЈУДГ во услови на зголемен број на пријави, слободни места, расположлив просторен капацитет и кадар во ЈУДГ.

МТСП на РМ во соработка со надлежните лица во ЈУДГ да ја снимат состојбата со бројот на вклучен воспитно образовен кадар во ЈУДГ, ангажиран по договор за дело и договор на определено време со цел дефинирање на потребата од ангажман на поголем/помал број на извршители и регулирање на постоечката состојба кај овие извршители согласно позитивната законска регулатива во РМ.

Надлежните лица во ЈУДГ во соработка со УО и во корелација со МТСП на РМ да преземат активности за утврдување на пишани критериуми за избор на лица од воспитно образовниот кадар во ЈУДГ при вработување. При ангажман на волонтери во ЈУДГ во соработка со УО да се донесат соодветни подзаконски акти со утврдени критериуми за прием на волонтери.

МТСП на РМ да преземе активности и да ја исполни законската обврска за пропишување на начин и постапка на стручно усовршување на работниците во установа за деца согласно член 93 од ЗЗД.

Од аспект на законска регулираност на обврската за стручно усовршување и надзор над работењето на воспитно образовниот кадар и ЈУДГ со повеќе закони (Закон за заштита на деца, Закон за Бирото за развој на образование, Закон за просветна инспекција и др.), дадена е добра основа за подобрување на релациите и соработката меѓу сите институции кои со своите активности ја покриваат дејноста заштита на деца (опфат, воспитно образовен процес, стручно усовршување, надзор и сл.). Препорачуваме сите институции вклучени во реализација на процесот на заштита на деца да преземат активности за интензивирање на взаемната соработка и спроведување на законски определените надлежности.